Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Велес, на ден 14.10 2019 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес, www.veles.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Ефикасната инфраструктурна опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните рурални населби и со градот Велес, треба да биде фактор за афирмација на комплексот, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото опкружување.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.08-3944/1
Датум:14.10 2019
Место: Општина Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева, дипл. инж. арх. |
| Назив на работното место | Планери |
| Контакт податоци за лицето | 070 222 848<br>urbanproekting@yahoo.com |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Содржината на урбанистичката документација е дефинирана со Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да<br>Не X | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| На локалитетот кој е предмет на изработка на ЛУПД, не постои претходно изработен урбанистички план. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Предметниот опфат се простира со површина од 0,31ха. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Во рамките на планскиот опфат, за изработка на ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, со површина 0,31 ха, е во предметниот плански опфат да се формира градежна парцела со намена А4-времено сместување во кои спаѓаат викенд куќи.<br>На тој начин, ќе се овозможи реализирање на инвестициските планови на | | | |

| |
|---|
| подносителот на иницијативата за нејзина изработка. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2019-2024 год. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на периодот. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Пристапот до планскиот опфат е од северна страна преку постоен земјен пат од селото Сујаклари,<br>Границите на опфатот се следните:<br>• На северо граничи со дел од КП 929/2<br>• На запад со КП 888/1<br>• На исток со КП 888/3 и<br>• На југ со КП 62/1<br> |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да<br>Не √ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Несоодветното управување со отпадот може да доведе до загадување на животната средина. Одведувањето на фекалните води од опфатот ќе се насочат кон планираната канализациона мрежа, а до тогаш во сопствена септичка јама. Водоснабдувањето ќе биде со сопствен бунар со пумпна станица, до моментот на приклучување на градскиот водовод. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Во конструктивната фаза на објектот се очекуваат можни влијанија врз квалитетот на воздухот како резултат на издувните гасови од градежната механизација, фугитивна прашина при изведување на градежните работи и сл. Несаканите истекувања на масла, масти и горива од транспортните средства и градежната механизација, генерираниот отпад може да го нарушат квалитетот на почвата, но со ограничен интензитет и времетраење, пред се поради малиот обем на работа. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со реализација на планскиот документ нема да има значајно влијание врз микроклимата. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и** | При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, |

| | |
|---|---|
| **големината на популацијата која ќе биде засегната).** | сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори. Реализацијата на ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, на површина од 0,31 ha, ќе биде во функција на развој на туристичките активности и согласно определбите од "Просторниот план на Република Северна Македонија" треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Предметната локација припаѓа на Средно - Вардарски туристички регион со утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитен туристички коридор којшто има меѓународно значење.<br>Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.<br>Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, нема регистрирано заштитено природно наследство.<br>При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и |

| | |
|---|---|
| | регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.<br>Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 92/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.<br>– Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.<br>– Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.<br>– Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена. |

| | |
|---|---|
| | – Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената<br>отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.<br>–Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.<br>– Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.<br>– Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.<br>– Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.<br>– Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Предложената локација за изработка на ЛУПД за А4-Времено сместување, на КП 888/2, КО Сујаклари, Општина Велес, е во функција на развој на викенд населбата и е надвор од урбаниот опфат на најблиските населби така што нема препораки за организација на друг тип јавни функциина на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина:**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**
Одржливоста при реализацијата на планскиот документ ќе се изрази преку подобрување на социјалната положба на населението и ќе се создаде подобрување на животот.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води од објектите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина, квалитетна, здрава и хумана средина за живеење.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
За предметниот локалитет не постои претходна планска документација, освен Услови за планирање за просторот ЛУПД е поврзан со следниве документи:

- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходно оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Аце Коцевски |
| Бр. 08-3944/2<br>Датум 14.10 2019 год.<br>Место Општина Велес | М.П. |